Врз основа на член 163 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 178/2021, 58/2024 и 124/2025) и член 53, став 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411, 5 ноември 2018 година), деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, распишува

ИНТЕРЕН ОГЛАС

за учебна 2026/2027 година

- За избор на демонстратор на предметот Вовед во право на Европска Унија на прв циклус студии во учебната 2026/2027 година – (1 извршител).

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите предвидени во Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 178/2021, 58/2024 и 124/2025) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411, 5 ноември 2018 година).

Кон пријавата, кандидатите треба да достават: доказ дека се студенти на втор циклус или трет циклус на студии (докторски студии) од соодветна студиска програма; доказ за просечна оценка за завршени студии од прв циклус најмалку 8,00 (осум) и кратка биографија (CV).

Документите се доставуваат на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, бул. „Гоце Делчев“ 9б – Скопје, во рок од 5 дена од денот на објавувањето.

Дополнителни информации на тел: 02/3117-244.

Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје